„Посредник меѓу локалните потреби и меѓународните можности“, „чадор на граѓанските организации на Македонија“, „кршач на мраз“, „пополнувач на јазовите“, „тивок поврзувач“ „организација со став“, се само дел од фразите кои го карактеризираат МЦМС кој на 14 декември 2018 година **со Свечена академија прослави 25 години од своето основање**.



На настанот присутните се присетија на успесите кои го одбележаа овој четврт век работење на организацијата. Во овој временски период, **МЦМС спроведе 1.652 проекти од различни општествени сфери со буџет од над 60 милиони евра**.

„Кога се прави ретроспектива лесно е да се каже дека времето ги носи настаните и ништо не зависи од личностите, демек работите ќе се случеле и вака и онака. Тоа никако не важи кај нас. Тука е мал временскиот лост и раситнет човековиот потенцијал. Верувајте ми, **да не беше МЦМС многу работи немаше да се случат, а Македонија ќе беше поматно и понесреќно место за живеење**“, рече **Звонко Шаврески** од Полио плус како долгогодишен партнер на МЦМС.

**Обезбедена чиста вода за пиење во 262 села во Македонија, итна реакција за време на двете кризи во 1999 и 2001 година, вклучување на Ромите во образованието и работната сила, зајакната економска независност на жените од конфликтните подрачја, подобрени услови за работа и учење во 16 училишта, кампањи за подигнување на свеста и публикации за аргументирана расправа** се само дел од резултатите со кои организацијата може да се пофали.


25











